


***Преспа, сите населени места под Пелистер и Галичица, а и другите преспански печалбарски села и Преспа се празнично расположени во текот на август. Овој живописен крај широко ги отвора вратите за печалбарите, да се вратат во своето родно место, на своето родно огниште. Голем број од тие “талкачи по светот” доаѓаат да се видат со своите најблиски, на големиот празник Илинден, на „Љуба нските илинденски иселенички средби“ , манифестација што се одржува на 2 август секоја година во убавото печалбарско Љубојно.***

Преспа како и многу други места од Западна Македонија најмногу е познат по печалбарството. Од памтивек од овој крај се одело на печалба. Тоа оставило многу траги кои зборуваат за тагата на разделбата, за неостварените желби, за тешкиот живот, тоа зборува за неизносените невестински руби и за детството без родителска љубов. .

Оваа година се славеа 121 година од првиот Илинден, кој е најголем ден на слободарскиот дух од сите денови и празници на Македонија.  Затоа, на Илинден во Љубојно се чувствува топло гостопримство и срдечност кај сите оние што се собираат, притоа доаѓа голем број иселеници од прекуокеанските земји и од европските земји, Исто така за Илинден во Љубојно доаѓаат Преспанци што живеат низ Македонија, голем број Македонци од егејскиот дел на Македонија што живеат ширум светот, гости и иселеници од другите села, туристи од Претор, Сливница, Крани, Наколец и Долно Дупени, како и голем број повратници од Преспа,  Битолско, Охридско, Леринско и од Мала Преспа.

**Манифестацијата  *„Љубански илинденски иселенички средби“*  е длабоко втемелена во историјата на Љубојно, на Преспа, но и во нашата држава Република Македонија. Таа ја покажува поврзаноста на иселениците ширум светот со родната земја од каде што потекнуваат**

Овогодиштата манифестацијата *„Љубански илинденски иселенички средби“* се одржаа на 1-ви и 2-ри август по 51-ти пат. Таа е значајна културна манифестација не само за Љубојно и Преспа, за иселениците од целиот свет, туку и за Република Македонија. Во изминатите педесетина години на успешното организирање продефилираа голем број културно-уметнички друштва, музички ѕвезди, литературни дејци и други културолози.

Манифестацијата *„Љубански илинденски иселенички средби“* започна да се организираат на Илинден 1974 година. Тогаш за прв пат музичка група свиреше пред манастирската црква *„Свет и Илија*“, во која по традиција голем број Љубанци одат на Илинден во предпладневните часови да присуствуваат на црковната Богослужба. Таа прва веселба на Илинден 1974 година беше спонтано прифатена од Љубанци со аманет секоја година да се веселат на Илинден пред црквата „*Свети Илија“„* и потоа прославата да продолжи на „Полена“, во Центарот на Љубојно.


SV. ILIJA

[illegible]